Друштво за трговија, производство и услуги
ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ
Бр. 0307-1290
29.11 2018 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-2449
21.11 2018 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**

**ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**

склучен на ден 29.11.2018 година помеѓу следните

**1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

– **ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**,ул.Водњанска број 17,Скопје,Република Македонија застапуван(о) од Д-р.Иван Барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,
и **Феникс Фарма ДООЕЛ** - Адреса: ул. Јадранска магистрала бр.31 Скопје Р.Македонија застапуван од: мб. 5519578
(во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

Член 1

**Предмет на овој Договор е набавка на: ЛЕКОВИ**

**Дел-2- Dimethyl fumarate 120mg**

**Дел-3- Dimethyl fumarate 240mg**

со Отворена постапка согласно член 65 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17, 83/18) , која се води во ЕЛЕКТРОНСКА форма а завршува со електронска аукција, за што објави оглас број **13/2018** од 21.09.2018 година, како и согласно елементите содржани во тендерската документација и техничката спецификација како составен дел на Договорот.

**III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 3

Вкупната вредност на договорот ќе се пресметува согласно прифатена Понуда за оглас број **13/2018** од __.__.2018,и согласно техничката спецификација од тендерската документација.

**Дел-2- Dimethyl fumarate 120mg**

Вредност без ДДВ- 79.899,40, ДДВ- 3.994.97, Вкупна вредност- **83.894.37**

**Дел-3- Dimethyl fumarate 240mg**

Вредност без ДДВ- 17.369.856,00, ДДВ- 868.492.80, Вкупна вредност-**18.238.348.80**

**Вкупната вредност на договорот со ДДВ изнесува 18.322.243.17 денари .**